Романов од СССР и акад. Михаило Апостолски, д-р Владо Ивановски и д-р Растислав Терзиоски од СФРЈ.

На заседанието двете страни разменија информации за свршената работа во врска со подготовките за печатење на материјалите на Зборникот.

Благој СТОИЧОВСКИ

## ЈАЗИЧНИТЕ ПОЈАВИ И ПРОЦЕСИ ВО БИТОЛА И БИТОЛСКО ДЕНЕСКА И ВО МИНАТОТО

Во организација на Македонската академија на науките и уметностите и на Друштвото за науки и уметност од Битола, од 7 до 9 септември 1984 година во Битола се одржа научниот собир „Јазичните појави и процеси во Битола и Битолско денеска и во минатото“.

Собирот, во присуство на учесниците, гостите и претставниците на општествено-политичките организации на општината Битола, со пригоден говор го отвори акад. Божидар Видоески, претседател на Организациониот одбор. Научниот собир го поздравија и му пожелаа успешна работа, Борис Андоновски од името на општествено-политичките организации, граѓаните и работните луѓе на општината Битола, акад. Јордан Поп Јорданов од името на Македонската академија на науките и уметностите, Ѓорѓи Танковски од името на Друштвото за наука и уметност во Битола и ректорот д-р Глигор Поповски, од името на Универзитетот во Битола и акад. Далибор Брозовиќ од името на Југословенската академија на науките и уметностите.

Во работниот дел на собирот со свои реферати зедоа учество вкупно 32 научни работници од земјата и од странство, и тоа од следниве странски земји: Австрија, Полска и САД. Во текот на дводневниот работен дел на собирот покрај учесниците од СР Македонија и од другите републики на СФРЈ зедоа учество и видни слависти и лингвисти од неколку славистички центри во странство, коишто со години, а некои и со децении активно и со голема љубов ја афирмираат македонистиката сред научниот свет и ја шират вистината за нашиот, македонскиот јазик.

На собирот со свои трудови зедоа учество следните научни работници: Владимир Мошин, „Проблемот на надредните знаци во старословенските ракописи“; Франтишек В. Мареш, „Старите споменици од битолското подрачје“; Лешек Мошињски, „Јазичните особености на глаголските фрагменти во битолскиот триод“; Петар Хр. Илиевски, „Од јазикот на Григориј Пелагониски“; Вера Стојчевска—Антиќ, „Поглед на ракописното наследство во Битола и Битолско“; Лидија Славева, „Уште една грамота за манастирот Трескавец најдена во Битола“; Вангелија Десподова, „Листовите од Битолскиот октоих“; Божидар Видоески, „Дијалектната ситуација во југозападните македонски говори со посебен осврт на битолското подрачје“; Зузана Тополињска, „Перифрастични предикативни изрази во говорот во Битолско“; Тодор Димитровски, „Глагоските именки од свршени гла-

голи во југозападните македонски говори“; Коста Пеев, „Заменскиот систем во јужните македонски говори“; Јаланта Миндак, „За некои начини на изразување на временската информација во текстови од Битолско“; Људмил Спасов, „Категоријата преодност во југозападните македонски говори“; Далибор Брозовиќ, „Фонемата (s) во Балканските јазици“; Ерих Хемп, Битолско како многујазична лабораторија“; Оливера Јашар—Настева, „Поглед врз туѓата лексика во костурско-корчанските дијалекти“; Владимир Цветковски, „Туѓите зборови во битолскиот говор“; Виктор Фридман, „Од јазичната проблематика на Битола и Битолско“; Станислав Гоголевски, „Граматичките системи на ароманските и меглено-романските говори во јужниот дел на Македонија“; Трајко Стаматоски, „Јазикот и погледите за македонскиот литературен јазик во затворскиот весник, „Наш пат“; Крум Томовски, „Архитектонската терминологија во југозападните македонски говори“; Маријана Киш, „Лексички преплетувања и контакти во Битолско“; Мито Миовски, „Уделот на југозападните македонски говори во збогатувањето на литературната лексика“; Владимир Костов, „Некои синтаксички одлики на битолскиот градски говор“; Васил Дрвошанов, „Кон разграничувањето на Кајларско-костурските говори“; Кирил Трајковски, „Називите на некои покарактеристични градинарски култури во Битола“; Митар Пешикан, „За антропонимијата на Битолската област во XV век“; Борис Марков, „Некои особености кај презимињата од Битола и Битолско“; Олга Иванова, „Ојконимите со суфиксот -иште-/ишта во Битолско“; Љубица Станковска, „Родовско-фамилните имиња во ојконимијата од Слепченскиот кодик“; Александар Стерјовски, „Топонимот крк-кардаш во Битола“; Христо Ристовски; „За некои топоними од Преспа“.

Во рефератите презентирани на собирот беа опфатени теми од областа на современата и историската дијалектологија, вклучувајќи ја обработката на стари текстови од тој регион и меѓујазичните контакти, јазичните појави и процеси во Битола и Битолско денеска и во минатото, проблеми од ономастиката и сл. Од излагањата на референтите коишто беа мошне исцрпни и конструктивни можеше да се заклучи дека битолскиот регион претставува извонреден терен за јазични проучувања. На овој терен поминувале, се разминувале и се вкрстосувале границите на стотина јазични разновидности. Според тоа, беше истакнато на собирот, ретки се јазичните области во словенскиот свет во коишто на ваков тесен регион постоело толкаво дијалектно шаренило. Тоа произлегува од фактот што битолското подрачје претставува крстопат на три основни дијалектни групи во Македонија — западните, источните и костурските.

По излагањето на рефератите се разви мошне жива и плодна дискусија во којашто зедоа учество речиси сите учесници. Во неа беше подвлечено дека во битолското говорно подрачје на повидок е јазично расслојување на социјални структури. Во тој контекс Битолскиот регион претставува погоден полигон за прибирање на извонредно богат материјал од областа на лингвистиката, поточно на социолингвистиката. Во дискусијата беа иницирани и многу други прашања коишто ќе бидат предмет на

36*

истражување на научните работници од оваа област во иднина.

Работниот дел на собирот помина во атмосфера на разбирање, размена на мислења по одделни проблеми, срдечност и топлина. Презентираните трудови главно почиваат врз богата аргументираност на материјали од коишто се служеле авторите.

Во заклучокот на научниот собир беше нагласено дека целта на организаторите беше во потполност исполнета. Се разбира, вистинските резултати од собирот ќе се појават по објавувањето на проширените текстови на рефератите во посебен зборник во издание на Македонската академија на науките и уметностите и на Друштвото за наука и уметност во Битола.

Голема благодарност за успешната организација на работниот дел на собирот што се одвиваше во Спомен домот на културата во Битола беше изразена на МАНУ, ДНУ од Битола, вработените на Спомен домот и на градот домаќин—Битола, коишто придонесоа учесниците и гостите да поминат пријатни мигови во Битола и да понесат незаборавни впечатоци од срдечноста и гостоприемството на битолчани.

На третиот ден, на 9 септември 1984 година, за учесниците беше изведена еднодневна екскурзија до Крушево, каде што беа разгледани културно-историските споменици на ова историско гратче, а потоа за сите учесници беше приреден ручек во хотелот „Монтана". По ручекот гостите со специјален автобус во попладневните часови на патот за Скопје го посетија Институтот за истражување на старословенската култура во Прилеп.

На заминување, гостите не можеа да го скријат своето задоволство од мошне успешно организираниот научен собир во Битола, од културно-уметничката програма што беше организирана во нивна чест и од топлината на битолчани што се чувствуваше насекаде. Собирот беше организиран од страна на Организационен одбор во состав: акад. Божидар Видоески (претседател), акад. Оливера Јашар—Настева, проф. Трајко Стаматовски, Ѓорѓи Лумбуровски, Ѓорѓи Танковски, Александар Стерјовски, Васил Мојсовски, Благој Стоичовски (секретар) и Трајко Огненовски (секретар).

Благој СТОИЧОВСКИ